Врз основа на член 384, 387 став 3, 388, 388-а и 388-б од ЗТД, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица ОБЈАВУВА:

**П О В И К**

За свикување на годишно собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица за ден 31.05.2024 година (петок) со почеток во 09 часот, а со следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

I Процедурален дел:

1. Утврдување на кворум за работа на Собранието
2. Избор на 1 (еден) бројач на гласови
3. Избор на претседавач на Собранието

II Работен дел:

1. Разгледување и усвојување на извештајот за работењето на друштвото за 2023 год.
2. Разгледување и усвојување на годишната сметка на друштвото за 2023 год.
3. Разгледување на извештајот за работењето на службата за внатрешна ревизија за 2023 год.
4. Разгледување и прифаќање на извештајот за ревизија на годишната сметка на друштвото за 2023 год.
5. Донесување одлука за распределба на искажаната добивка по годишната сметка за 2023.
6. Донесување одлука за одобрување на работата на Одборот на директори на друштвото.
7. Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп.
8. Донесување одлука за оттуѓување на сопствени акции.
9. Избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за деловната 2024 година.

Годишното собранието ќе се одржи во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239.

Право на присуство, учество во работата и одлучувањето на годишното собранието имаат сите акционери кои се евидентирани во Акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија, лично или преку полномошник со полномошно кое не мора да биде заверено на нотар. Акционерот мора да го извести друштвото по писмен пат за назначувањето на полномошник на адресата на друштвото,во архивата на друштвото или електронски на електронска пошта contact@ograzden.com.mk.

Секој акционер кој сака да учествува во собранието е должен да го пријави своето учество најдоцна до почетокот на седницата.

Акционерите кои поединечно или заедно имаат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предлагаат точки за дополнување на дневниот ред или да предлагаат одлуки за усвојување на собранието најдоцна 8(осум)дена по објавувањето на повикот. Прашања можат да се поставуваат до завршувањето на собранието.

Правилата и начините на постапување, детално, се објавени на веб страната на друштвото www.ograzden.com.mk.

Материјалите за работа на годишното собрание ќе бидат достапни на официјалната интернет страница на АД за Неметали "Огражден" Струмица и во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239 секој работен ден од 13 - 15 часот.

АД за неметали
"Огражден" Струмица